Општинско основно училиште „Коста Рацин“ – општина Брвеница

**ИЗВЕШТАЈ**

**од самоевалуација на ООУ „Коста Рацин“ Брвеница   период 2024-2026 година**

ООУ „Коста Рацин“  општина  Брвеница,ул.Браќа Стефановиќ бб, тел. 044 455 010,078 355 580,
е- пошта kostaracin@yahoo.com, http://kostaracin.blogspot.com

**ИЗВЕШТАЈ**

**од самоевалуација на ООУ „Коста Рацин“ Брвеница период 2024-2026 година**

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“бр.161/19 и 229/20“ година) Општинското основно училиште „Коста Рацин“ с.Брвеница изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од **2022/2023 до 2023/2024** година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на седница одржана на 13.3.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав: Маријана Аризаноска- психолог, Слаѓана Денкоска- одд. наставник, Маја Стојкоска – одд. наставник, Даниела Наумоска – предметен наставник, Билјана Кузманоска – родител.

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот месец мај до месец јуни 2024 година година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| **Подрачје** | **Членови на тимот** |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Александар Цветкоски<br>Наташа Ѓорѓеска<br>Ангелина Пауноска<br>Зорица Јанеска<br>Мара Златеска |
| 2. Постигања на учениците | Јасмина Маркоска<br>Тања Костадиноска<br>Марија Илиеска<br>Христина Радоњиќ<br>Ружа Веселиноска |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Татјана Ѓорѓеска<br>Снежана Анѓелкоска |

| | |
|---|---|
| | Весна Видачек<br>Александра Илиеска<br>Симона Сарѓоска |
| 4. Управување и раководење | Силвана Гиноска<br>Миломир Меноски<br>Лена Ѓероска<br>Рашела Јакимоска<br>Бранислав Јованоски<br>Цветанка Илиеска |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 8.7.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето :**<br><br>Наставата во ООУ  Коста Рацин Брвеница  се реализира согласно со Наставните планови и програми задеветгодишно образование, донесени од МОН.Училиштето ги информира родителите за целите на наставните планови и програми на родителскисредби. Училиштето изготвува и брошура за запознавање на родителите со програмата за работа иорганизацијата |

| |
|---|
| на работата на училиштето.На почетокот на учебната година наставниците изготвуваат годишни-глобални и тематскипланирања, тематски-процесни планирања во предметна настава, планирања за вонnаставнитеактивности, а нивниот квалитет го следат директорот и стручната служба воучилиштето.Најголем дел од наставниците користат разновидни наставни форми и методи соодветни напотребите и стиловите на учење на учениците.Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира почитување, помош,соработка и разбирање.Во училиштето не постојат соодветни услови за реализација на кабинетска настава. Во училиштето сите ученици без разлика на пол и етничка припадностподеднакво се третираат и имаат ист третман во сите подрачја од училишниот живот.Наставниот процес се следи од страна на раководниот кадар и педагошко психолошката служба.<br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца идоследно го применува.Оценувањето е праведно и довербата кај учениците и родителите максимална. Училиштето се доживува како безбедно и сигурно место за престој на учениците. Инклузивноста е потполно подржана од страна на учениците и наставниците но недостасува практична оспособеност и стручна докфалификација на наставниците.Натпреварите се одржуваат континуирано и се бележат солидни резултати.Вонnаставните активности се реализираат но барањата на учениците е нивно вклучување во планирањата на вонnаставните активности. |
| **Силни страни**<br>➢ Планирање и реализација на ДП и ДТ во наставата,партиципација на учениците и согласност од родителите.<br>➢ Изучувањето на изборните предмети се планираат,определуваат и реализираат согласно интересирањата на учениците<br>➢ Слободните ученички активности се реализираат согласно афинитетите на ученикот и согласност од родителите<br>➢ Подршка, насока и препораки кон учениците и нивните родители со цел унапредување на менталното здравје |
| **Слаби страни**<br>➢ Стручна и практична оспособеност на наставниците за работа со ученици со попречености со наод од МКФ .<br>➢ Вклучување на учениците во планирање на вонnаставни активности<br>➢ Адаптација на постоечките просторни капацитети во место за реализација на кабинетска настава |
| **Приоритети**<br>➢ Обуки за инклузирано образование во пракса и посета на отворени часови во училишта за подршка како ресурсни центри<br>➢ Промена на распоредот за сменско работење во одделенска и предметна настава. |

| |
|---|
| **Подрачје 2: Постигања на учениците** |
| **Опис/резиме на подрачјето** |

| |
|---|
| Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по паралалки, по пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди. Во текот на целата учебна година наставниците реализираат дополнителна и додатнанастава со учениците од одделенска настава, додека во предметна настава реализацијата надополнителнaта настава по природната група предмети е според календар на реализација и укажана потреба од анализите на постигнувањата. Советувањето на родители, пријавување во ЦСР и ДПИ постигнати се позитивни ефекти за редовно следење на наставата и подобрување на однесувањето кај ученици.Училиштето има протокол за идентификување на ученици кои заостануваат во совладување на наставниот материјал и за надарени ученици.Информираноста на родителите е навремена и за постигнувањето кајучениците и за нередовноста.Релацијата наставник,ученик родител и родител психолог ученик е квалитетно воспоставена.Советување на родители е според планот за советување или инцидентно според укажана потреба и дава посакувачки резултати по индивидуалниот развој на детето и ги постигнува очекуваните цели.Трендот на искористување на правото за непосетување на настава на ученикот не повеќе од 30 дена е забележлив и неопходностаод неговото злоупотребување е ставено како простор за дискусија. |
| **Силни страни**<br>➢ Континуирано следење на постигнувањето кај учениците и навремено делување и информирање на родителите и вклучување на учениците во дополнителни активности<br>➢ Подршка и насоки на учениците и родителите за подобрување на ученичкото постигнување<br>➢ Редовно одржување средби на психологот со ученици и родители по укжани потреби и советување на ученици и родители<br>➢ Соработка со центрите за социјални грижи<br>➢ Споредба и следење на редовноста на учениците |
| **Слаби страни**<br>➢ Учениците кон кои се изречени воспитно педагошки мерки (7) имаат над 9 неоправдани изостаноци<br>➢ Користење на правото за отсуство на учениците не повеќе од 30 дена поради семејни причини кај 10 ученика во учебната 2023/24 година |
| **Приоритети**<br>➢ Стратегии за анимирање на ученици кои реметат настава за време на час со цел да се намали неоправданите изостаноци<br>➢ Редовно континуирано следење на настава на учениците . |

| **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Училиштето во средината има стекнато имиџ на добро училиште,истото е препознатливо по добриот квалитет на работа и |

постигањатана учениците во различни области, како и по остварување на мисијатаи визијата на училиштето. Местоположбата на училиштето е во средина која се населува во континуитет како резултат на миграција град село или се населуваат семејства од руралните средини во кои има пооскудни услови за живеење или пак од внатрешноста.Училиштето има донесено Кодекси за однесување на учениците,наставниците и родителите, во чие изготвување партиципирале сите.Кодексот е поставен на видно место во ходникот и низ чилниците.На учениците кои не го почитуваат кодексот на однесување им сеизрекуваат педагошки мерки согласно пропишани со статусот научилиштето. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учењесо поставување јасни и високиочекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Училиштето има развиенсистем на наградување на учениците кои постигнале успех но не и доволен за наставниците кои гопомогнале тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето. Поведението во училиштето на учениците е примерно.За секое нарушување и загрозување на куќниот ред на училиштето се преземаат мерки согласно Правилникот за изрекување на воспитно педагошки мерки кој е интерен и со одлука на УО  допуштен за спроведување. Во училиштето функционира и Училишен парламент којучествува во донесувањето на некои одлуки во училиштето. Ученичкиот парламент се грижи за правата надецата.Ученичкиот парламент редовно ги одржува планираните состаноци соработува со ученичкиот правобранител. Учениците се запознати со правата и обврските. Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата.Училиштето несистематски, но преку разни форми ги запознаваучениците со нивните права. Родителите за правата на своите деца сезапознаваат од училиштето, преку посебна брошура и од други извори. Соработката со родителите е воспоставено преку советот на родители,средби со родители. Исто така двајца од родителите се членови во највисокиот орган на управување воучилиштето - Училишен одбор. Родителите одлучуваат за наставните екскурзии, одбираат програма занастава во природа и одбираат на кој начин таа ќе се реализира вооднос на превоз и сместување, одлучуваат за осигурителна компанијакоја ќе ги осигура учениците од несреќи. Родителите исто така севклучуваат во подготовките на училишните претстави со свои идеи,кореографии и сл. Училиштето активно соработува со општината и заедницата.Општината е во постојана кординација со активностите во училиштето кои се однесуваат за подобрување на квалитетот на наставата.Подржува училишни проекти,учествува со финансиска подршка на проекти кои бараат партиципација на основачот. Подржува најдобри наставници и ученици на годината.Секоја учебна година со пристојни подароци ги поздравува и ги прима во локалната самоуправа првачињата. Локалниот бизнис сектор соработува со училиштето која соработката се огледа во донациите кога се реновираше подрачното училиште во село Долно Седларце а се планира и нивно учество во реновирањето на централното училиште. Во училиштето се забранува секаков облик на насилство.Стручната служба има изготвено, а училиштето има усвоеноучилишна политика за превенција и заштита на учениците однасилство со јасно дефинирани цели, предмет, принципи, начини наспроведување, следење и евалуација на училишната политика. Училиштето има развиен систем за превенција,идентификување и спречување на пушењето,користење на дрога и алхохол во училиште.Психологот по еднаш во полугодие организира предавања или дискусии односно спроведува анкета на тема,пороците на денешницата и нивното штетно влијание врз децата на училишна

| |
|---|
| возраст. Хигиената е на завидно ниво,се одржуваат училишните згради,тоалетите,училниците според процедурите за одржување на училишни згради. Се одржува комуникација и соработка на релацијапсихолог-матичен лекар-завод за социјални грижи или дом за ментално здравје Скопје. Учениците од социјално загрозените семејства се евидентирани во службата со потполна дискреција поради сензитивната природа. Се промовира социјалната еднаквоста и заедничките изведбени активности во кои особено се вклучени ученици од социјално загрозени семејства.Во училишната евиденција од вкупниот број на ученици 360 во оваа категорија евидентирани се 6 ученика. Во психолошката служба евидентирани се два ученика со медицинска белешка за здраствени проблеми кон кои наставниците имаат посебен пристап. Наставниците на часовите по ЖВ и психологот во континуитет следат и едуцираат за способностите,интересирањата и можните орјнтации научениците после основното образование. На учениците од завршните одделенија психологот им даваат инструмент за професионални интереси и способности, а по анализата на одговорите на секој ученик му се дава препорака за професионално ориентирање. |
| **Силни страни**<br>➢ Училиштето бележи позитивно движење на ученици.<br>➢ Хигиената е на завидно ниво и се одржува во континуитет .<br>➢ Во училиштето постои еднаков правичен пристап кон сите ученици<br>➢ Родителите се мотивирани и соработуваат во преземените училишни активности.<br>➢ Соработката со општината и со локалните стопанвеници е континуирана и партиципирачка<br>➢ Училиштето покажува грижа и организираност со стручната служба и има партиципирачки однос со родителите и учениците со здраствени проблеми и унапредување на менталното здравје<br>➢ Стручната служба и наставниците професионално ги ориентираат учениците согласно способностите интересирањата и афинитетите |
| **Слаби страни**<br>➢ Соработка со специјализирани средни училишта .<br>➢ Увид во квалитетот на храната која им е на располагање на учениците од непосредните маркети<br>➢ Воспоставување на интерна процедура за обезбедување на родители од дисфункционални семејства на планирани средби со покана.<br>➢ Почитување и придржување на планот и распоредот за дежурни наставници<br>➢ Воспоставување процедура за награда и потик,стимулација и мотивација на наставници кои постигнуваат високи ученички постигнувања или одговорно и навремено ги исполнуваат наставничките обврски |
| **Приоритети**<br>➢ Почитување и придржување на планот и распоредот за дежурни наставници<br>➢ Воспоставување процедура за награда и потик,стимулација и мотивација на наставници кои постигнуваат високи ученички постигнувања или одговорно и навремено ги исполнуваат наставничките обврски |

| **Подрачје 4: Управување и раководење** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Во училишето постојат добри стандарди за реализирање на воспитно - образовниот процес. Просторните капацитети максимелно се искористени од вработените, но сепак недостасуваат кабинети во кои наставниците ќе се подготвуваат за наставниот процес. Училишната библиотека не ги задоволува како просторно, така и со своите ресурси потребите на учениците и наставниците. При реализирањето на воспитно-образовниот процес се чуствува потреба од основните ресурси за изведување на современата настава, како недоволен број на принтери, фотокопир и компјутери како и разгласна станица која би се користела за времето на одморите, посебно на големиот одмор како и на часовите по музичко образование и при реализирање на училишните приредби, а затоа се потребни се поголеми финансиски средства. Во однос на ова подрачје наставниците и родителите имаат согледувања дека набавениот потрошен материјал делумно ги задоволува потребите на училиштето. Современата настава ја наложува потребата од редовно снабдување на наставниците со потрошен материјал од типот тонер, хартија за фотокопирање кое што се јавува како слабост во досегашната анализа. Мотивираноста и стручноста на наставниците за изведување на современа и успешна настава ќе се издигне на повисоко ниво доколку училиштето обезбеди финансиски средства за нивна професионална надградба. Обезбедувањето на финансиските средства неопходни за подобрувањето. на квалитетот на наставата може и треба да се изврши преку добивање на додатоци и разни спонзорства од страна на локалната самоуправа (која и досега помага), родителите, локалната средина, МОН, невладини организации и сл. Доколку горе наведените субјекти директно или индиректно инволвирани во работата на училиштето се подобро запознаени и консултирани за начинот на раководење и трошење на училишните средства тие ќе покажат поголема мотивираност и волја во давањето на финансиска подршка во училиштето за создавање услови за изведување на современа и поквалитетна настава. Транспарентноста во управувањето со училишните финансии обезбедува зголемување на нивото на доверба помеѓу вработените, директорот, родителите, претставниците од локалната самоуправа и локалната средина воопшто го зајакнува нивното заемно разбирање и мотивираност за соработка на добро ниво. Во ПУ е извршена реконструкциа. Училиштето континуирано ја следи состојбата на инфраструктурата, условите за работа за учениците и целиот наставен кадар<br>Училиштето има воспоставено соработка со локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрувањето на инфраструктурата. Училиштето има добиени донации од родителите и општествено одговорни институции за подобрување на условите за работа во училниците. Директорот воспоставува добри односи со наставниците, учениците и другите установи со кои соработува. Директорот  работи  транспарентно, развива доверба и ги мотивира вработените за тимска работа. Учениците, родителите и наставниците се навремено и редовно информирани за случувањето во училиштето. Наставниците користат современи методи и техники при работа.<br>Наставниците ги поттикнуваат учениците да учествуваат во натпревари во училиштето и надвор во него.- Директорот и наставниците добро се однесуваат со учениците. Директорот обезбедува комуникација која се темели на почит и взаемна соработка на сите вработени во училиштето;- Постигањата на учениците и промовирањето на училиштето се приоритет;. Директорот воспоставува добри односи со наставниците, учениците и другите установисо кои соработува; |

| |
|---|
| Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирање на целите, начелата и вредностите на училиштето- Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на стручниот кадар. Училиштето води политика за поддршка на учениците со различни предиспозиции и способности- Во реализација на наставата во училиштето наставниците користат современи методи и техникипри работа;. Училиштето ги поттикнува и ги оддржува учениците да спроведуваат активности со кои им помагаат на заедницата. Учениците, родителите и вработените се запознаени со правилата на однесување, куќниот ред и протоколот на училиштето. |
| **Силни страни**<br>➢ Училишниот одбор разгледува,донесува одлуки објективно,транспарентно неприсрано и праведно.<br>➢ Реновирано подрачно училиште Коста Рацин во село Долно Седларце<br>➢ Централното училиште Коста Рацин во село Брвеница е во фаза на реновирање<br>➢ Соработка со приватниот сектор во делот на изведбени активности на училиштето |
| **Слаби страни**<br>➢ Некомплетна психолошко педагошка служба<br>➢ Недостаток на просторни капацитети за едносменско работење на ниво предметна и одделенска настава |
| **Приоритети**<br>➢ Комплетирање на стручната служба<br>➢ Едносменско работење, предметна настава во прва смена а одделенска настава во втора смена.Реорганизација на просторниот капацитет. |

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

- Континуирано професионално оспособување на наставниот кадар за работа со ученици инклузирани во редовна настава
- Вклучување на учениците од УП во планирање на вонnаставни активности
- Воведување на отворени часови еднаш во месецот
- Зајакнување на комуникацијата со приватниот сектор и промоција на ученичките активности
- Униформираност
- Известување и вклучување на локалната заедница за и во активностите на училиштето со цел обезбедување донации и спонзорства за подобрувањена ИКТ во училиштето.

Комисија за спроведување на СЕУ: